**ПОЗИЦИИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА ЛИБЕРАЛНАТА ПАРТИЈА**
**за решенија за политичката криза во Република Македонија**

1. **Либералната партија го поздравува враќањето на Собранието во функција.**

2. **Аболицијата** од страна на Ѓорѓе Иванов која треба да биде поништена **и измените на Законот за помилување, се вовед во нееднаквост на граѓаните пред законот** и **во пракса на несанкционирање на злоупотреба на власта и моќта**.

3. Либералната партија оценува дека **ангажманот на граѓанското движење низ протестите, како и на некои партии во политичкиот процес вон потписниците на Пржинскиот договор, легитимира нивно вклучување во процесот на барање решенија, а особено на граѓанскиот сектор.**

   Форматот на тековните преговори меѓу четирите партии – потписнички на **Пржинскиот договор** е надминат и прегазен со практичното поништување на „техничката влада“, а и самиот Договор **е оштетен**.

4. И според Либералната партија и според граѓаните кои секојдневно протестираат, **очигледно нема продуктивност во четирипартитните преговори, и овие преговори не донесоа одржлив договор за вистинско решавање на кризата**.

   Затоа, според Либералната партија, **натамошното преговарање во ваков формат станува спротивно на потребите на граѓаните, граѓанското општество, државата и економијата**, и се поризично.

   Либералната партија потенцира дека **одржувањето на четирипартитноста на преговорите како досега ја јакне позицијата на власта во однос на граѓанскиот сектор и граѓаните.** Со четирипартитното преговарање се отапува острицата на борбата на опозицијата и граѓанскиот сектор.

5. **Неможноста од кредибилно прочистување на избирачкиот список и од суштински медиумски реформи спречува било какво преговарање за (брз) датум за избори**.

   „Прочистување“ на избирачкиот список низ **активна регистрација** ризикува да создаде **уште едно решение** со кое се **загрозува уставно-гарантираното избирачко право**.

   Оттука, Либералната партија оценува дека **„брзите“ избори повеќе се тесно-партиска калкулација и вовед во нова криза, отколку решение на тековната**. Притоа, ЛП потсетува дека **локалните избори 2017 не може и не смее да бидат поправен испит за промашени „брзи избори“** ниту во партиска, ниту во системска смисла.

6. **Либералната партија ја реафирмира оценката дека само концентрациска** (широка, **транзициска,** експертска...) **Влада со основна програмска рамка заснована на спроведување на препораките од Извештајот на Прибе може да ги оспособи институциите, за да се создадат услови за демократски и кредибилни избори** (на пр. заедно со локалните) и да ги санира тековните проблеми.

   Но, **бидејќи „техничката влада“ е саботирана токму од Груевски** и неговото мнозинство, **отстапувањето на опозицијата од концептот на концентрациска Влада ќе придонесе кон натамошно онеспособување на институциите и кон отсуство на владеење на правото**.

   Имајќи предвид дека техничкиот формат на владата е уништен, а моменталната политичка Влада е без легитимитет, **учество на опозицијата во преговори за класична политичка влада пред избори според Либералната партија би бил неприроден компромис спротивен на Платформата „Граѓаните за Македонија“ и граѓанското движење**.

7. **Точна е оценката дека Влада предводена од поранешниот премиер Груевски и неговите први соработници не може да спроведе потребни реформи.**

   Затоа, **концептот на концентрациска Влада треба да се заснова на отстранување на Груевски и неговите соработници од Владата**, а не на лица со политичка или идеолошка афилијација кон неговата партија.

Либералната партија прифаќа дека **едно од решенијата може да биде и спречување на учество во политичкиот живот** и во власта (законодавна, извршна, судска...) **на лицата за кои Ѓорге Иванов потпишал аболиција,** без оглед на тоа дали против нив се водени правни процеси.

8. **Протестите на граѓаните** (#Протестирам, #Шарена револуција) **се легитимно право за одбрана на владеењето на правото и темелните уставни и европски вредности** во Македонија.

   **Либералната партија ги поддржува протестите.**

   **ЦК ги повикува членовите на Либералната партија да учествуваат на граѓанските протести по сопствено убедување, без партиски обележја,** кога истите се организирани од граѓанските движења.

   **ЦК ги упатува членовите на Либералната партија и нејзините раководства (локални и национално) да избегнат давање повод за партиска конотација на протестите**.

   ЦК оценува дека **било која форма на партиско преземање на протестите е контрапродуктивно за декларираната цел – владеење на правото и оспособување на институциите**. ЦК предупредува дека такви тенденции стануваат видливи и апелира да не се уништи граѓанскиот дух на протестите.

9. **Либералната партија се согласува во огромен дел со барањата и оценките на #Протестирам и невладините организации квалификувани за евалуација на изборите и изборниот процес.**

   ЦК го овластува претседателот на Либералната партија да иницира консултации, за координирано застапување на ваквите проценки кои коинцидираат со оценките на Либералната партија.

10. **Либералната партија ги поздравува напорите на меѓународната заедница за асистирање во наоѓањето решенија за политичката криза во земјата.**

    Либералната партија оценува дека напорите на меѓународната заедница за наоѓање темелно решение што ќе ги придвижи институциите во Република Македонија – не се адекватно разбрани и поддржани со потезите на мнозинството домашни партии и чинители на политичката сцена.

11. **Либералната партија го осудува полицискиот прогон на учесниците во протестите**, бидејќи со тоа полицијата станува само еднопартиски инструмент.

12. **Либералната партија го поддржува работењето на Специјалното јавно обвинителство**, како влог во ревитализацијата на правосудството и справувањето со корупцијата и злоупотребата на власта.

***<u>Редактиран текст</u>***
***Либерална партија на Македонија***
***0201-157 / 26 мај 2016***

**ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ**
**НА ЛИБЕРАЛНАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Ивон Величковски, с.р.**